**З А П И С Н И К**

**од 22-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на ден 31-ви мај 2023 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 14 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Отсутна беше советничката Мила Дончева.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 22-рата редовна седница,покрај другите точки Претседателот на Советот, предложи дополнување со уште две точки и тоа:

1. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на култура ,,25 ти Мај,, Валандово;

2.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година;

По дополнувањето беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истото беше ставено на гласање и изгласано едногласно со 14 гласа ЗА.

По дополнувањето ова беше предложен следниот

ДНЕВЕН РЕД :

1. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на култура ,,25 ти Мај,, Валандово;

2.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година;

3.Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлуката за сопствено учество во реализација на проектот „Туризмот – иднината на регионот“;

4. Давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населеното место Удово;

5. Давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП “Комунален сервис” Валандово за населено место Удово;

6. Давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП ”Комунален сервис” Валандово за населено место Удово;

7. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово;

8. Предлог – Одлука за утврдување на надоместокот на штета предизвикана одкаснување од бездомни животни;

9. Предлог – Одлука за усвојување на Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи во административните простории на Општина Валандово;

10. Предлог – Одлука за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во административните простории на Општина Валандово;

11. Предлог – Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година;

12. Предлог – Одлука за извршување на техничка исправка на генерален урбанистички план на град Валандово;

13. Годишен план за вработување на ООУ„Јосип Броз Тито"Валандово за 2024година;

14. Годишен план за вработување на ООУ,,Страшо Пинџур"с.Јосифово за 2024 година;

15. Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2024година;

16. Предлог-Решение за избирање Командир на Полициска станица од општа надлежност Валандово

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и едногласно со 14 гласа ЗА беше усвоен.

Пред да се пристапи кон работа по усвоениот дневен ред беше отворена расправа по записникот од 21-тата редовна седница на Советот.

Никој не се јави за збор, па записникот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА, 0ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Предлог Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на култура ,,25 ти Мај,, Валандово беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА .

ТОЧКА 2

По Предлог–Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово образложение имаше раководителката на одделението за финансирање и буџет Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлуката за сопствено учество во реализација на проектот„Туризмот–иднината на регионот,,образложение имаше Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА .

ТОЧКА 4

По точката Давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населеното место Удово немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА , 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 5

По точката Давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населеното место Удово немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 6

По точката за Давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП "Комунален сервис" Валандово за населено место Удово беше отворена расправа.

За збор се јави Аспарух Москов. Во отсуство на директорката на ЈП,,Комунален сервис,, прашањето го постави до градоначалникот. Праша дали цената на водата во с.Удово е за вода за пиење или за технолошка вода, бидејќи истата не е исправна, според последните добиени анализи-констатирано е дека не е погодна за пиење. И рече дека тој не присуствувал на собирите на граѓаните во с. Удово кои ги имаше Општината со ЈП Комунален сервис, но пренесено му е дека тогаш на граѓаните им е дадено ветување дека водата нема да биде поскапа од 15 денари по м3, праша дали е тоа точно и зошто сега е формирана цена од 18,08 денари за м3.

Градоначалникот даде одговор. Изрази жалење што советникот Аспарух Москов не присуствуваше на собирите на граѓани во с. Удово кога се дискутираше за тоа. Но, за превземањето на ингеренциите од страна на ЈП Комунален сервис беше дискутирано и на претходната седница на Совет. Повтори дека законски само едно претпријатие на ниво на општина треба да стопанисува со водата и тоа треба да одговара за исправноста и квалитетот на истата.Месец мај е месецот кога требаше да се направи увид во целата состојба на терен, овие одлуки на совет се носат заради поголема транспарентност, инаку цената на водоснабдувањето во општината треба да биде иста насекаде, а таа ја одредува Регулаторната комисија.Анализите за вода пристигаат до општината, а таа ги информира Месните заедници во Општината, а тие ги известуваат граѓаните дека водата за пиење не е квалитетна. Рече дека се надева дека и населеното место Пирава ќе премине преку ЈП Комунален сервис и обврска на сите е ЈП да функционира како што треба и затоа се одобруваат средства за да се надмине тешката состојба.

Аспарух Москов се јави за реплика и праша дали во последниот месец од кога е превземено водоснабдувањето ЈП Комунален сервис има направено некаква промена. Рече дека за еден месец ЈП нема со прст мрднато да направи ништо.Како ќе ја превземат водата и како ќе наплатат за месец мај?

Јулија Тушевска се јави за збор.Рече дека сите знаеме дека водата во с. Удово не е исправна и го праша градоначалникот дали е информирана јавноста во с. Удово дека водата за пиење не е исправна, а се носат одлуки за цената на водата. Рече дека има информација дека на состаноците со граѓаните дадено е ветување дека цената нема да биде поскапа и додаде дека треба да се истакне и да се каже дека самата вода не треба да се пие и граѓаните со тоа си го загрозуваат своето здравје. Рече дека советникот од с.Удово многу убаво кажа дека овој месец не е со прст мрднато, а кога се превземаат ингеренциите, треба веднаш да се отпочне со работа.

Градоначалникот одговори дека превземањето на ингеренциите во водоснабдувањето треба да биде чекор кој ќе се поздрави од сите. Тоа е направено во месец мај, а анализите на водата се од претходниот период. И се обрати на советничката Јулија Тушевска дека таа како советник требало да биде присутна на средбите со граѓаните и да го штити интересот на сите граѓани, а не на партијата ВМРО ДПМНЕ и колку побрзо ќе го сфати тоа, толку ќе биде подобро за неа самата. Рече дека на средбите со граѓани не може де се утврди цената на водата, бидејќи истата е утврдена со Закон. Додаде дека секоја информација што ќе се слушне, пред да се изнесе на Совет, треба прво добро да се провери.

Јулија Тушевска се јави за контрареплика. Му забележа на градоначалникот дека секогаш кога неговите аргументи не се оправдани, оди со навреда и дисквалификација на личноста, но тоа

зборува само за него. Таа рече дека кога зборувала за превземањето на ингеренциите во мрежата на водоснабдувањето во с. Удово, само прашала дали се запознаени граѓаните бидејќи претходно водата била на нивна одговорност, сега кога е превземена од ЈП, дали ЈП излезе со информација да каже дека според последните анализи на Заводот за здравствена заштита водата е неисправна.

Градоначалникот зема збор.Ја обвини советничката Јулија Тушевска дека продолжува со тешки констатации. Рече дека во моментот добил порака од директорката на ЈП дека е започнат процесот на хлорирање на водата и кога ќе стигнат нови анализи ЈП ќе информира што ќе се случува. Рече дека неквалитетот на водата беше обврска на советничката да се дискутира на претходните седници. Рече дека таа оди со најсентименталната тема и на неа сака да добие политички поени, а тоа да им служи на чест и на неа и на советникот од Удово. И предложи уште денес да оди во ЈП и да му помага, а не да му одмага и ако смета дека добива политички поени до бескрај, тој ја уверува дека нема, бидејќи во наредниот период ќе се обелодени од кој период и на кој начин се склучени и наталожени сметки за струја.Јавните претпријатија не само во Валандово, туку насекаде имаат долгови. Тоа може да го провери и самата како голема активистка и да дознае дека голем дел од нив се исклучени од електроснабдување. Повтори дека во последните 2 години имаше енергетска криза, двојно се покачи минималната плата и тоа најдиректно го погоди ЈП. Рече дека функцијата советник е да се грижи за за интересите на граѓаните на Општина Валандово, а политичките поени да се остават за партиски настани. Рече дека неговиот начин на комуникација е да се поддаде рака на секого, без разлика од која партија доаѓа и нема да дозволи сеење на омраза во Општина Валандово.

Немаше други пријавено за дискусија па точката Давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП "Комунален сервис" Валандово за населено место Удово беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП "Комунален Сервис" Валандово беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе го поддржи одобрувањето на средствата во износ од 1000 000 денари за ЈП Комунален сервис кое во последните години се справува тешко, дали од недоброто работење или нешто друго.Таа би сакала да се образложи дали како што е наведено во Одлуката половина од средствата ќе се употребат за плаќање на елекртичната енергија и дали тоа навистина ќе му помогне на ЈП и сака да знае бидејќи во ЈП работат луѓе од нашата општина, дали да се надеваат дека другата половина ќе биде употребена за плата кои веќе од утре, трет месец немаат земено плата.

Градоначалникот одговори дека ако треба Општината ќе ги даде сите средства во Буџетот за ЈП да вработените да земат плата. Потврди дека дел од овие средства ќе бидат наменети за плаќање на долгот спрема ЕВН бидејќи постои опасност од исклучување, а останатото е за плати. Доколку има потреба на наредните седници ќе се одобрат уште средства за плата за да нема повеќе дискусија за тоа, бидејќи жално е на маката на вработените да се собираат ситни политички поени. Повтори уште еднаш дека доколку има потреба на наредната седница ќе се одобрат нови средства за конечно да престане оваа лажна загриженост.

Јулија Тушевска се јави за реплика. Рече дека и е жал што секое укажување се смета за лажна загриженост, а не е. Праша повторно дали ќе име се даде плата на луѓето кои работат во ЈП. И додаде дека не е во ред да се прикажува некој како вистински херој, а за другите да се вели дека прават театар, а тие укажуваа на тоа дека ќе се исклучи струјата. Таа му предложи на градоначалникот да излезе со конкретни бројки, колку се долговите, од кога се, како се плаќаат исл.

Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков зема збор. Рече дека советничката Јулија Тушевска шири политкантство и глуми лажна загриженост. Рече дека не мора да ја гласа оваа одлука бидејќи е доброволна, но да не се гласат законските одлуки за превземањето на ингеренциите над населените места, за покачувањето на цените на услугите кои се одредени од

Регулаторната комисија, а Советот само мора да ги испочитува, смета дека со тоа се оди против Законтот и тоа не е во ред. Ако не се гласаат овие одлуки, не треба да се гласа и одлуката за финансиска поддршка. Рече дека ако треба да се покачи минимално цената на водата за ЈП да излезе од финансиските проблеми тогаш се спори, а од друга страна се кажува дека ќе се поддржи одлуката за финансиска поддршка. Рече дека овој пристап не е искрен и дека нема потреба да да се докажува дека се грижат за ЈП.

Градоначалникот зема збор. Рече дека на Советот му се потребни конструктивни советници кои ќе му помагаат, а не кои Советот го гледаат како арена во која ќе се шири омраза. Рече дека тој ќе биде првиот кој ќе се спротивстави на тоа. За ЈП рече дека е едно од најдобрите ЈП во целата држава. Функционира во време на енергетска криза, со зголемени трошоци за плати, а единствено кое ги нема покачено цените на услугите. Рече дека ако сега се донесат одлуки за зголемување на цените на услугите, опозицијата ќе биде против покачување на цената, за да на наредниот Совет да се дискутира за тоа дека вработените немаат земено плати. На советничката Јулија рече дека и понудува од утре да биде директорка на ЈП, но бидејќи таа е вработена во образовна институција која има јак синдикат, нема потреба од менување на работни места и додаде дека во иднина може ќе биде директорка или пратеничка.Но, кога се наметнува темата за исправноста на водата за пиење во с. Удово, рече дека и тој и неговото семејство пијат од таа вода и сигурно нему му е поважно да биде исправна, отколку на неа и затоа повика да се престане со политикантство.

Тоше Тодоров се јави за збор. Укажа дека уште од почетокот кога се носеше Годишниот извештај на ЈП и кога се увиде дека претходната година имаше загуба од 4 100 000 денари беше укажано дека треба да се направат радикални чекори во ЈП за да нема ваква состојба каде ќе биде доведена егзистенцијата на претпријатието и услугите на граѓаните, со вода за пиење и останато.Според него не е во прашање само 1 000 000 денари да се дадат на ЈП како помош, и целиот долг од 25 000 000 денари да се покрие етапно, истото ЈП повторно ќе генерира загуби. Рече дека тоа се виде од Кварталниот извештај кога за 3 месеци беше прикажана загуба од 940 000 денари. Тоа покажува дека на крајот на годината, 2023 -та, ЈП повторно ќе има долг од 4 000 000 денари. И целиот долг да се покрие повторно ќе се генерираат долгови. Рече дека колку и да се надмудруваме дека сме ЗА или ПРОТИВ ЈП таму е јасно дека менаџирањето не е како што треба. Тие луѓе немаат земено плата, а кој на денешно време може да работи без да зема плата. Рече дека тие се најголемите херои со 3 месеци не земање плата и што и да се каже, доведено е во прашање функционирањето на ЈП.

Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков зема збор. Рече дека сака да го демантира советникот Тоше Тодоров и рече дека самиот тој се демантираше. На сите претходни седници се носат само констатации, и тој побара да се даде конкретен предлог како да се излезе од оваа криза. Рече дека сите сме свесни дека се зголемуваат трошоците за плата, за струја и нормално е дека приходите треба да се зголемат. Треба да се разговара за приходната страна на ЈП која е ниска, а ниска е затоа што се држи до не зголемување на цените и тоа минимално зголемување не се поддржува и се тврди дека поради лошото менаџирање состојбата е таква. И тој го повтори предлогот на градоначалникот да се нафатат да раководат со ЈП и да менаџираат со тие средства и да бидат во позитива. Отсекогаш се кажува дека цените треба да одат нагоре постепено за да може ЈП да дојде на позитивна нула и да може со приходите да си ги подмири основните трошоци. Рече дека опозицијата има членови во УО и Надзорниот одбор на ЈП и од нив да се побара да им кажат тие дали ЈП троши пари на репрезентации и непродуктивни трошоци, за шетање и др. и затоа имаат загуба. Се анализира секој кватрален извештај и од него се гледа дека има покачување на ставките за бруто плата, покачување на ставката за електрична енергија, а суштината е во тоа што не сака да се сфати и да стане јасно во што е проблемот.

Тоше Тодоров се јави за реплика. Праша колку треба да се покачи цената на водата кога таа претходната година веќе се покачи за повеќе од 50%. Рече дека Регулаторната комисија одлучи дека покачувањето мора да биде толку во однос на примањата на граѓаните во Општината и ако имало потреба од поголемо покачување, регулаторната комисија ќе го одлучела за тоа. И доколку се одлучи

за покачување дупло, дали ќе има наплата за истото, кога се гледа дека наплатата на ЈП е опадната. Праша дали ЈП има покренато тужби за неплаќачите и дали има извршни решенија.

Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков зема збор. Рече дека мора да демантира бидејќи беше искажана една невистина. Водата не беше покачена за 50% туку само минимално за неполн денар, односно за 0,80 дени и Регулаторната комисија кога одлучува за цената не ги гледа приходите на граѓаните туку ги гледа приходната и расходната страна во ЈП. Во моментот рече дека ЈП изготвува нова анализа за регулаторна комисија за да се утврдат нови цени и да се усогласат со новата состојба.

Никој друг не се јави за дискусија па Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово беше ставена на гласање и изгласана со едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлука за утврдување на надоместокот на штета предизвикана одкаснување од бездомни животни образложение даде Глигорије Џилвиџиев.

Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖНИ.

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлука за усвојување на Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи во административните простории на Општина Валандово образложение имаше Илија Матеев.

Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 10

По Предлог–Одлука за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во административните простории на Општина Валандово немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана 13 гласа ЗА

ТОЧКА 11

По Предлог – Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година образложение имаше Ѓоко Аврамски.

Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 12

По Предлог – Одлука за извршување на техничка исправка на генерален урбанистички план на град Валандово немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана 14 гласа ЗА

ТОЧКА 13

По Годишниот план за вработување на ООУ„Јосип Броз Тито"Валандово за 2024 година образложение имаше директорката на училиштето Даниела Џонова. Рече дека се работа за планирани вработувања за наредната година и тоа: дефектолог, прислужник, хаусмајстор и хигиеничар, половина работно време.

Немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана 14 гласа ЗА

ТОЧКА 14

По Годишниот план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово,Валандово за 2024 година образложение имаше директорот на училиштето Антонио Дилберов. Рече дека се работа за планирани вработувања за наредната година и тоа: хигиеничар и благајник.

Немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана 14 гласа ЗА

ТОЧКА 15

По Годишниот план за вработување на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2024 година образложение имаше директорката на училиштето Ташка Гетова. Рече дека се работа за планирано вработување на хигиеничар доколку се пензионира вработената хигиеничарка во наредната година.

Немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана 14 гласа ЗА

ТОЧКА 16

По Предлог-Решение за избирање Командирна Полициска станица од општа надлежност Валандово излагање имаше претседателката на Комисијата за мандатни прашања Надица Недиќ. Таа го пренесе предлогот на комисијата за командир да биде избран Кире Тасев .

Немаше пријавено за дискусија, па истиот предло беше ставен на гласање и беше изгласе со 14 гласа ЗА

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше заклучена.

Записничар

С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово

Претседател

Владимир Марков